## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 февруари 2008 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои се во Собрнието, а сеуште не се влезениво салата да влезат зошто треба дда почеме со работа.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Сллужбите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Објавувам пауза од 10 минути.

(Реакција од страна на пратениците на СДСМ со прашњето зошто дава пауза)

Заради кворум.

(Бурни реакции и негодување од страна на пратениците од опозицијата).

Што е против?

Јас барам кворум.

(Пратениците од опозицијата бурно реагираат со довикување дека има кворум).

Сега броевме дека немаме кворум. А без кворум не можеме.

Ги молам службите да достават точен број на пратеници.

Ве молам, јас оваа процедура ја терам постојано. Кворум молам постојано.

(бурни реакции од страна на опозицијата)

Тишина, да се преброиме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Ве молам тишина, не ги слушам службите.

Во салата во овој момент, иако е вревата како да има 200 се само 50 пратеници.

(Реакции од опозицијата)

Ве молам, ќе чекаме како што секогаш сме чекале.

Ги повикувам сите пратеници кои се наоѓаат во Собранието, кои се запишани во списокот за присатност, како и секогаш што ги викам да дојдат на своите места, ве молам.

(Пратениците од опозицијата реагираат да не се дава пауза)

Добро, нема пауза. Можеме и овде да ги чекаме. Се едно е.

(Претседателот продолжи во 15,54 часот)

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои не се во салата а се во Собранието да влезат во салата и да ги заземат своит места.

Повикувам на тишина ве молам.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници)

Во салата има точно 59 пратеници.

(Реакција од страна на опозоцијата).

Предлагам да почекаме уште 10-тина минути, бидејќи се 59 и ако нема, нема.

Ги повикувам службите уште еднаш да достават точен број на пратеници.

Ги повикувам пратениците во салата.

Ги повикувам пратениците во салата на ред и дисциплина.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници).

Заради информација, ве молам за тишина. Според бројот што службите го доставија, во салата има 57 пратеници.

Ве молам за тишина додека чекаме, да се создаде еден ред и да почекаме уште малку, за да не се каже. Инаку јас сум веќе одам на должен заради немање кворум да ја прекинам, да ја приведам кон крај денешната седница и да ја закажам за утре.

Меѓутоа, половина час многу често сум чекал и ќе чекам уште малку за да биде тоа во рамките на веќе установената традиција. Друго немам, не ми преостанува ништо што да правам. Тоа е тоа.

Бидејќи не се создаде кворум ниту половина час колку што чекаме денеска ја привршувам работата. . .

(Бурна реакција со гласни довикувања и станување од место во знак на негодување од страна на пратениците од опозицијата).

Готово, готово.

Ја привршувам работата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Ќе ви биде јавено по кој дневен ред.

Благодарам.

(Пратениците од опозицијата сеуште бурно реагираат во знак на негодување со гласни извици)

(Седницата прекина со работа во 16,00 часот)